**ЗАПИСНИК**

*од Единаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 25. 12. 2009 година, закажана во 10.00 часот, сала на Уставна комисија, Собрание на Република Македонија*

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 10.15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата присуствуваа: Радмила Шекеринска претседател на Советот, Силвана Бонева потпретседател на Советот, Александар Николовски, Кенан Хасипи, Андреј Жерновски, Тито Петковски, Флора Кадриу, Петар Поп Арсов пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, Марина Курте претставник од Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, Петар Камчев и Ана Анѓеловска претставници од Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија, претставниците на Советот Сашко Стефков од кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, Љубица Нури од Стопанската комора на Македонија, Дојчин Цветановски од Конфедерацијата на слободни синдикати, Александар Кржаловски од Граѓанската платформа на Македонија, Вилма Венковска Милчев од Евангелско методистичката црква, од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

За седницата беше предложен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД:**

- *Усвојување на записникот од Десеттата седница одржана на 15 декември 2009 година*

1. **Мислење за усвојување на правото на Европската унија за 2010 година,**
2. **Извештај за работата на Националниот совет за евроинтеграции септември 2008-декември 2009 година,**
3. **Усвојување на предлог-заклучоците од Јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции, по работната верзија на Предлог законот за авторското право и сродните права, одржана на 22 декември 2009 година, и**
4. **Разно.**

Предложениот дневен ред беше усвоен едногласно.

Записникот од Десеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции беше едногласно усвоен, без забелешки.

**ТОЧКА 1: Мислење за усвојување на правото на Европската унија за 2010 година.**

На седницата Националниот совет за евроинтеграции го усвои следното

**М И С Л Е Њ Е**

за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2010 година

1. Националниот совет за евроинтеграции препорачува Собранието на Република Македонија и неговите работни тела да дадат приоритет во разгледувањето и донесувањето на законите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2010 година, дадени во Анекс 1.

2. Имајќи ги предвид позитивниот Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година како и забелешките во делот на Собранието на Република Македонија, Советот укажува на потребата за понатамошно подобрување на Деловникот за работа на Собранието, согласно препораките на Венецијанската комисија.

3. Со цел поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2010 година, во претстојниот период Националниот совет за евроинтеграции ќе организира јавни расправи за предлозите дадени во Анекс 2.

4. Во оваа насока Владата на Република Македонија треба да обезбеди редовна пракса на доставување на работните текстови на предлог законите со цел на Советот да му се обезбеди сериозно анализирање на законските предлози и да достави свои предлози, сугестии и препораки.

5. Националниот совет за евроинтеграции и препорачува на Владата на Република Македонија да организира јавни расправи и консултации со засегнатите страни во тек на изработката на подзаконските акти за важни закони кои се дел од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, согласно одредбите од Деловникот на Владата на Република Македонија за проценка на регулаторното влијание со цел подобра имплементација на законите во пракса.

6. Националниот совет за евроинтеграции ги повикува сите општествени субјекти да дадат свој активен придонес во процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија.

7. Со содржината на оваа Мислење да се запознаат Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија и истото да биде објавено на интернет страницата на Собранието на Република Македонија.

Составен дел на Мислењето се: Анексот 1 кој содржи листа на закони од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ кои биле планирани да се донесат во 2009 година а не се донесени, и листа на закони планирани да се донесат во 2010 година, како и Анексот 2 кој ги содржи законите по кои Националниот совет за евроинтеграции ќе организира јавни расправи во текот на 2010 година.

Во дискусијата со свои излагања учествуваа г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Љубица Нури, претставник на Стопанската комора, г. Петар Камчев, претставник од Секретаријатот за европски прашања, г. Андреј Жерновски и г. Тито Петковски, членови на Советот.

На седницата беше прифатен предлогот на членот на Советот Андреј Жерновски, на една од наредните седници на Националниот совет за евроинтеграции да биде поканет г. Никола Груевски претседател на Владата на Република Македонија. Седницата ќе биде посветена на клучните интереси на Република Македонија за членство во Европска унија и со цел да се дискутира за државните приоритети и планови на патот на евроинтеграциите.

**ТОЧКА 2: Извештај за работата на Националниот совет за евроинтеграции за периодот септември 2008-декември 2009 година.**

Советот дебатираше по Извештајот за работата на Националниот совет за евроинтеграции за периодот септември 2008-декември 2009 година и со соодветни измени предложени од членовите и претставниците на Советот, го усвои извештајот.

Во дискусијата со свои излагања учествуваа г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г. Александар Николовски и г. Петар Поп Арсов, членови на Советот, г.Александар Кржаловски, преставник на Граѓанската платформа, г-ѓа Флора Кадриу и г. Кенан Хасипи, членови на Советот и г. Сашо Стефков, претставник од Кабинетот на претседателот на Влада на Република Македонија.

**ТОЧКА 3: Усвојување на предлог заклучоците од Јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции по работната верзија на Предлог-Законот за авторското право и сродните права, одржана на 22 декември 2009 година.**

На седницата Советот ги усвои предложените заклучоци од јавната расправа по работната верзија на Предлог- Законот за авторското право и сродните права, одржана на 22 декември 2009 година, без забелешки.

**ТОЧКА 4: Разно**

Претставникот од Стопанската комора на Република Македонија, г-ѓа Љубица Нури го информираше Советот за случајот со неколку товарни возила кои на 19 и 20 декември 2009 година, требало да заминат во Република Италија преку пристаништето во Драч, Република Албанија. На истите не им било дозволно да се натоварат на траектот и покрај уредната документација и резервираните места. Имајќи предвид дека од 19 декември 2009 година стапува во сила Одлуката на Советот на ЕУ, со која за граѓаните на Република Макдонија не е потребна влезна виза за земјите од Шенген зоната, претставници на Стопанската комора на Македонија контактирале со Стопанската комора во Драч, и по известувањето на Амбасадата на Република Македонија во Албанија и Одделението за економска дипломатија во МНР, товарните возила биле пропуштени. За да се избегнат вакви ситуации, особено во периодот околу претстојните празници, беше предложено Владата на Република Македонија да организира отворање на центар за известување кој ќе постапува соодветно по барањата на граѓаните и транспортерите и ќе реагира ефикасно доколку вакви проблеми се повторат.

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции заврши во 13.30 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Единаесеттата седница на Советот и списокот на присутни членови и претставници.

19. 03. 2010
30-1481/5

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Радмила Шекеринска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Собрание на Република Македонија СКОПЈЕ

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Даниела Велковска**

Изработил : J.Трпкова
Контролирал : И. Коробар
Одобрил: Д. Велковска